**Република Северна Македонија**
**УПРАВЕН СУД**
**Су-04.бр.0401-347/20**
**04.12.2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 и 39 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас („Службен весник“ бр.275/20), Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд Су-04.0101-597/18 од 24.12.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд Су-04.бр.0101-597/18-1 од 07.02.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Управен суд Су-04.бр.0101-597/18-2 од 25.11.2020 година, како и согласноста од Министерството за финансии бр.18-5374/2 од 30.09.2020 година:

**УПРАВНИОТ СУД**
објавува
**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.1/2020**
**За кариерено унапредување на 39 судски службеници**

1. **Раководител на одделение за информатика - Категорија Б, Ниво Б4 – 1 (еден) извршител**

Услови за вршење на работите:
- Стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на информатиката (Факултет за електротехника и информациски технологии или Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство) и
- и најмалки 4 години работно искуство во струката

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија бр.198/18).
- Нето плата ќе изнесува 31.068,00 денари
- Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок

2. **Судски советник- Категорија В, Ниво В1 – 14 (четиринаесет) извршители**

Услови за вршење на работите:
-стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет со положен правосуден испит со најмалку 3 (три) години работно искуство во струката

Кандидатите, покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“бр.198/18).
- Нето плата ќе изнесува 28.582,00 денари
- Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок

3. **Судски соработник – Категорија В, Ниво В3 - 8 (осум) извршители;**

Услови за вршење на работите:
-стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет со положен правосуден испит со најмалку 1 (една) година работно искуство во струката

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“бр.198/18).

Нето плата ќе изнесува 24.468,00 денари

Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок

4. **Виш судски референт (извршител во писарница) – Категорија Г, Ниво Г2 – 16 (шеснаесет) извршители**

Услови за вршење на работите:

-најмалку вишо или средно образование и најмалку 2 години работно искуство во струката

Кандидатите покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно

место, согласно член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија"бр.198/18).

- Нето платата ќе изнесува 17.303,00 денари
- Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок

На интерниот оглас може да се пријават судски службеници, вработени во Управен суд кои ги исполнуваат посебните услови и компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво наведени во овој оглас, како и:

- Да е оценет со оценка „особено се истакнува" или „се истакнува" при последноното оценување,
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или во рамки на иста категорија во која е работнот место за кое е објавен интерниот оглас,
- Да поминал најмалку две години на работнот место на кое е распореден и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на посебните услови и компетенции, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки како посетител, не постари од 5 години
- потврди за успешно реализирани обуки како обучувач, не постари од 5 години
- потврди за успешно реализирано менторство како ментор
- потврди за успешно реализирано менторство како менториран

Рокот за пријавување на кандидатите е 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите пополнетата пријава со доказите за податоците содржани во пријавата, во хартиена форма ја доставуваат во приемното одделение на Управен суд.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредна пријава нема да биде предмет на разгледување.

Времето и датумот на одржувањето на административната селекција и интервју ќе се објават на интернет страницата на судот.

**УПРАВЕН СУД**